Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31.10.2014 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5327 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопинг треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства или со просторни средства).

*На 15.09.2014 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 2 септември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*31.10.2014 г.*